**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 26 февруари 2021 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: јануари 2021 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити, во јануари 2021 година, забележа минимален месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 4,62%. На годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните кредити е намалена за 0,31 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити изнесува 0,93%, што претставува месечно и годишно намалување од 0,02 п.п. и 0,27 п.п., соодветно.

- Во јануари, просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити изнесува 3,98% и оствари месечен раст од 0,20 п.п., додека на годишна основа е пониска за 0,48 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити е намалена за 0,06 п.п. на месечно ниво и изнесува 0,62%. Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити забележа пад од 0,33 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3,4,5]

| | 1.2020 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 1.2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **4.93** | **4.89** | **4.80** | **4.70** | **4.63** | **4.62** |
| Корпоративен сектор | 4.13 | 4.08 | 3.93 | 3.80 | 3.73 | 3.71 |
| Домаќинства | 5.69 | 5.64 | 5.63 | 5.53 | 5.46 | 5.45 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.46** | **4.12** | **3.94** | **3.99** | **3.78** | **3.98** |
| Корпоративен сектор | 4.19 | 3.79 | 3.68 | 3.82 | 3.42 | 3.60 |
| Домаќинства | 4.91 | 4.83 | 4.42 | 4.51 | 4.38 | 4.56 |
| **Вкупни депозити** | **1.20** | **1.11** | **1.09** | **0.98** | **0.95** | **0.93** |
| Корпоративен сектор | 1.48 | 1.24 | 1.27 | 1.14 | 1.22 | 1.22 |
| Домаќинства | 1.17 | 1.10 | 1.07 | 0.96 | 0.92 | 0.89 |
| **Новопримени депозити** | **0.95** | **0.54** | **0.64** | **0.76** | **0.68** | **0.62** |
| Корпоративен сектор | 0.71 | 0.20 | 0.43 | 0.74 | 0.38 | 0.40 |
| Домаќинства | 1.07 | 0.94 | 0.85 | 0.78 | 0.85 | 0.66 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (коишто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[4] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[5] Податоците за каматните стапки од август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор, овој месец, е пониска за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесува 3,71%. Надолната промена е резултат на намалените каматни стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,04 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), во услови на раст на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,03 п.п.). Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,42 п.п. на годишна основа.







Извор: НБРСМ.

– Во јануари, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 3,60% и забележа месечно зголемување од 0,18 п.п. Месечната промена се должи на зголемувањето кај сите компоненти: каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,56 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,05 п.п, соодветно). Во споредба со истиот период минатата година, оваа каматна стапка е пониска за 0,59 п.п.







Извор: НБРСМ.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е непроменета во однос на претходниот месец и изнесува 1,22%. Анализирано на годишно ниво, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор се намали за 0,26 п.п.

– Во јануари, каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор изнесува 0,40% и забележа раст од 0,02 п.п., на месечна основа. Растот целосно се должи на зголемените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,18 п.п.), при евидентиран пад кај каматните стапки на денарските депозити во странска валута (за 0,94 п.п.) и денарските депозити со валутна клаузула (за 0,08 п.п.). Во споредба со јануари претходната година, оваа каматна стапка е намалена за 0,31 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, кај каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата е остварен месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 5,45%. Според валутната структура, месечниот пад се објаснува со намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,02 п.п., соодветно) и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,01 п.п.). Анализирано на годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните кредити на домаќинствата бележи пад од 0,24 п.п.

---

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во јануари, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 4,56% и се зголеми за 0,18 п.п., на месечно ниво. Нагорната промена е резултат на зголемувањето на каматните стапки на кредитите без валутна клаузула (за 0,29 п.п.), при остварен пад на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,13 п.п.) и непроменети каматни стапки на денарските кредити со валутна клаузула. Гледано на годишна основа, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата бележи намалување од 0,35 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во јануари, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата изнесува 0,89% и оствари месечен пад од 0,03 п.п. Месечниот пад се должи на намалувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,03 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), во услови кога каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула не оствари промена. Просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата е пониска за 0,28 п.п., во споредба со истиот период минатата година.

– Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9], во јануари, бележи месечно намалување од 0,19 п.п. и изнесува 0,66%. Надолната промена произлегува од намалените каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,25 п.п.) и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,08 п.п.). Овој месец, не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. На годишно ниво, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е пониска за 0,41 п.п.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 март 2021 година (референтен пресек заклучно со февруари 2021 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).